# Повик за поднесување на понуди (ППП)

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ВТОР ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ (MSIP2)**

**MSIP-SIG-NCB-032–22**

1. Овој Повик за Понуди ја следи Општата објава за набавки за овој Проект објавена во изданието на UN Development Business, со бр. WB3498-08/16, од 04 август, 2016 година (печатено издание) и објавена електронски на 04 август, 2016 година.

Република Македонија доби кредит од Меѓународната банка за обнова и развој за Проектот за подобрување на општински услугите и има намера дел од добиените средства од овој Кредит да ги искористи за исплата по договор за набавка на стоки– **Набавка на комунално возило за зимско одржување на улици и патишта во руралното општинско подрачје - MSIP-SIG-NCB-032–22.**

2. Општина Ѓорче Петров ги повикува соодветните и квалификувани Понудувачи за набавка и транспорт на: **Набавка на комунално возило за зимско одржување на улици и патишта во руралното општинско подрачје,** да ги достават своите запечатени понуди.

3. Поднесувањето понуди ќе се спроведе преку процедури за национално конкурентно наддавање (NCB) како што е специфицирано во Упатството на Светска банка: Набавка со средства добиени од IBRD Заеми и IDA Кредити, (од јануари 2011 година), и е отворен за сите Понудувачи од квалификуваните држави како што е дефинирано во тендерската документација.

4. Заинтересираните Понудувачи може да добијат дополнителни информации од: **Васка Митровска** и да извршат увид во тендерската документација на наведената адреса: **ул. Ѓорче Петров, бр.73** 08:00 до 14:00 часот, не подоцна од 25.01.2022.

5. Заинтересираните Понудувачи може да ја купат комплетната тендерска документација на **македонски јазик** по поднесување на писмена апликација на адресата дадена подолу:

**Општина Ѓорче Петров** , Предмет: **Набавка на комунално возило за зимско одржување на улици и патишта во руралното општинско подрачје,** Адреса: **ул. Ѓорче Петров, бр73, Архива, Општина Ѓорче Петров**, Поштенски број: **1060**, **Република Северна Македонија** и по плаќањето на неповратна такса од **3,000.00 МКД** во македонски денари (МКД) во согласност со продажниот девизен курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето.

а.)  За плаќања во МКД – број на сметка

**Банка: Народна банка на Република Северна Македонија**
**Број на сметка: 100000000063095**
**Буџетска корисничка сметка: 778014118163012**
**Приходно конто: 724-125**

Комплетот тендерска документација ќе биде испратен во електронска форма на адресите доставени од страна на Понудувачите во форма на писмено барање.

Понудите треба да бидат доставени на долунаведената адреса: **Општина Ѓорче Петров,** Предмет: **Набавка на комунално возило за зимско одржување на улици и патишта во руралното општинско подрачје** Адреса: **ул. Ѓорче Петров, бр.73 Архива, општина Ѓорче Петров**, Поштенски број: **1060**, **Република Северна Македонија, не подоцна од:**

**12:00 попладне (по локално време) 14.02.2022**

Сите понуди мора да бидат придружени со гаранција на понудата од не помалку од **120,000.00 МКД.** Задоцнетите понуди ќе бидат одбиени. Понудите ќе бидат отворени во присуство на претставници на понудувачите кои ќе решат да присуствуваат на адресата наведена подолу: Адреса: **ул. Ѓорче Петров, бр.73 , сала за состаноци во општина Ѓорче Петров**, Скопје, Поштенски број: **1060, Република Северна Македонија, во: 12:15 попладне (по локално време) 14.02.2022**